РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 03-3230/1
30.07.2025 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**Став на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги по добиените предлози од членовите на Советот на Агенцијата за Нацрт – Деловникот за работа на Агенцијата**

Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на својата 5-та седница одржана на 21.07.2025 г. го усвои Нацрт – Деловникот за работа на Агенцијата, по што го објави на својата веб страница и ги повика сите заинтересирани страни, своите мислења и предлози да ги достават по електронски пат на е-адресата contact@avmu.mk, заклучно со 20 август 2025 година.

На истата седница, од страна на членовите на Советот беа дадени предлози, како и побарани одредени појаснувања и тоа:

- членот на Советот, Цветанка Миновска побара појаснување на членот 9 (став 1), кој се однесува на финансирањето на Агенцијата, поконкретно на заемите и друга финансиска и техничка помош и на членот 15 (став 1 алинеја 16) од Нацрт – Деловникот за работа на Агенцијата во однос на опфатот, т.е на кого се однесува Кодексот

ПОЈАСНУВАЊЕ: Содржината на членот 9 став 1 од Нацрт - Деловникот, кој гласи: „*Работењето на Агенцијата се финансира од средствата обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија, од приходите од надоместоците предвидени со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ), како и од заеми и друга финансиска и техничка помош.*“ е формулација од член 4 став 7 од ЗААВМУ.

ПОЈАСНУВАЊЕ: Содржината на членот 15 став 1 алинеја 16 од Нацрт-Деловникот, кој гласи „ *- донесува Кодекс за однесување на членовите на Советот и вработените во стручната служба на Агенцијата.*“ е формулација од член 18 став 1 алинеја 16 од ЗАВМУ.

- Заменичката на претседателот на Советот, Зирјета Јајага даде предлог во членовите 21, 23, 24 и 99 од Нацрт – Деловникот, каде што стои: „директорот на Агенцијата, да се додаде и: „заменик директорот на Агенцијата“.

ПРЕДЛОГОТ НЕ СЕ ПРИФАЌА.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ:
Во членот 42 од Нацрт – Деловникот за работа на Агенцијата е утврдено дека “Заменикот на директорот на Агенцијата го заменува директорот на Агенцијата во случај кога тој е отсутен или кога поради болест или други причини не е во можност да ја врши својата функција, во сите негови надлежности и одговорности во раководењето. Во соработка со директорот на Агенцијата, заменикот на директорот врши работи од надлежност на директорот на Агенцијата, што тој ќе му ги довери.“
Наведеното е во согласност со законското решение од член 19 ставови 8 и 9 од ЗАВМУ, кој точно пропишува во кои случаи заменик на директорот на Агенцијата го заменува директорот на Агенцијата, како и дека заменикот на директорот на Агенцијата во соработка со директорот на Агенцијата врши работи од надлежност на директорот на Агенцијата што тој ќе му ги довери.
Оттука, со оглед дека во Деловникот за работа на Агенцијата не може да бидат содржани одредби со кои одредени прашања ќе се уредат на начин поинаков од оној во ЗААВМУ, не се прифаќа предлогот во членовите 21, 23, 24 и 99 од Нацрт-деловникот каде што стои „директорот на Агенцијата, да се додаде и „заменик директорот на Агенцијата“.

Наведеното, воедно е и појаснување кое го побара членот на Советот, Цветанка Миновска во однос на тоа „дали директорот на Агенцијата му доверува конкретни работни задачи на заменикот во рамките на своите надлежности?“

- Членот на Советот, Гордана Мајнова даде предлог за дополнување на членот 41 од Нацрт – Деловникот, во ставот 2, кој гласи: „*Директорот е должен на Советот да му доставува квартални извештаи за спроведување на годишната програма за работа на Агенцијата, како и квартални извештаи за преземените мерки во согласност со ЗАВМУ, во случај кога е извршена повреда на одредбите на ЗАВМУ, ЗМ или на прописите донесени врз основа на нив и условите и обврските од дозволите.*“, по зборот „дозволите“ да се додаде следното: „*и кои содржат извештаи за меѓународните активности на Агенцијата и планираните активности во наредниот период*“.

| |
|---|
| ПРЕДЛОГОТ СЕ ПРИФАЌА. |

- Членот на Советот, Цветанка Миновска даде предлог за дополнување на членот 43 од Нацрт – Деловникот, и тоа:
  - Во членот 43 став 2 кој гласи: „*По добиеното одобрување, директорот донесува одлука за распишување оглас за засновање на работен однос и одлучува за изборот на кандидатот кој ќе заснова работен однос*“ (по зборовите засновање на работен однос) *да се додаде следната формулација: „и заедно со Советот на Агенцијата составува Комисија за избор на кандидатот кој ќе заснова работен однос.*“
  - Во членот 43 став 3 кој гласи: „Директорот на Агенцијата одлучува за распоредување на вработените во стручната служба на Агенцијата, да се додадат зборовите: „*по претходна консултација со Советот на Агенцијата*“.
  - Членот 43 да се дополни на начин што ќе се утврди Директорот на Агенцијата во кварталните извештаи (кои е должен да ги достави до Советот на Агенцијата) да го информира Советот и за прераспоредувања (унапредувања/распоредување на пониско работно место) на вработените во Стручната служба.

ПРЕДЛОГОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЧЛЕНОТ 43 СТАВ 2 ОД НАЦРТ – ДЕЛОВНИКОТ ДЕЛУМНО СЕ ПРИФАЌА.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ: Во членот 20 став 1 алинеја 14 од ЗААВМУ, децидно е пропишано дека директорот ја организира и раководи со работата на Агенцијата, како и одлучува за вработувања и распоредување на вработените во стручната служба на Агенцијата, кое законско решение е имплементирано и во одредбите од Нацрт – Деловникот за работа на Агенцијата.

Надлежноста на Советот на Агенцијата во однос на вработувањата е да даде одобрување на одлуките на директорот за вработувањата/отпуштањата.

Со член 181 став 2 од Законот за работните односи е пропишано дека ако работникот смета дека со писмена одлука на работодавачот е прекршено неговото право, има право во рок од осум дена од врачувањето на одлуката со која било прекршено правото, да бара од работодавачот истото да го отстрани.

Со ЗААВМУ се обезбедува двостепеност во одлучувањето односно можност за работникот да поднесе правен лек до Советот на Агенцијата против одлуките на директорот, како и се обезбедува органот кој ја донел одлуката (директорот), да не одлучува и по приговорот против истата, односно по приговорот да одлучува Советот на Агенцијата.

**Во однос на Комисијата за избор на кандидат за вработување во Агенцијата, Предлог – Деловникот за работа на Агенцијата ќе се дополни на начин што ќе се утврди во Предлог - одлуката на Директорот на Агенцијата за распишување на оглас за засновање на работен однос (за која одобрување дава Советот на Агенцијата) да биде содржан и Предлог на членови на Комисијата за избор/нивни заменици.**

**Дополнувањето на член 43 став 3 не се прифаќа** од причините образложени погоре, односно во членот 20 став 1 алинеја 14 од ЗААВМУ, децидно е пропишано дека директорот одлучува за вработувања и распоредување на вработените во стручната служба на Агенцијата. На овој начин се обезбедува и двостепеност во одлучувањето, доколку вработениот поднесе правен лек до Советот.

**Предлогот директорот на Агенцијата да го информира Советот за прераспоредувања (унапредувања/распоредување на пониско работно место) на вработените во Стручната служба, се прифаќа** на начин што до Советот на Агенцијата два пати годишно ќе доставува вакви информации (по завршените евалуации на вработените врз основа на кои се вршат унапредувањата/распоредувањата на пониско работно место). Ваквото решение ќе се интегрира во членот 43 од Предлог – Деловникот за работа на Агенцијата.

- Членот на Советот, Гордана Мајнова даде предлог за бришење на членот 106 став 3 од Нацрт – Деловникот кој гласи: „*Членовите на Советот соработуваат со вработените во Стручната служба, а барањата за извршување работни задачи од страна на Стручната служба, поврзани со надлежностите на Агенцијата, ги упатуваат до директорот*".

ПРЕДЛОГОТ СЕ ПРИФАЌА.

- Претседателот на Советот на Агенцијата, Сашо Стефановски даде предлог во однос на член 97 став 4 од Нацрт – Деловникот, кој гласи: „*Класификацијата, односно декласификација на информацијата ја врши директорот на Агенцијата, согласно позитивните законски прописи во Република Северна Македонија кои ја уредуваат оваа материја*", истиот да се дополни дека класификација и декласификација на информациите се врши „*по претходно одобрување од Советот на Агенцијата*".

ПРЕДЛОГОТ НЕ СЕ ПРИФАЌА.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ:

Согласно член 12 став 3 од Законот за класифицирани информации, начинот на чување и ракување со информациите за ограничена употреба поблиску ги уредува Владата на РСМ.

Во Уредбата за административна безбедност на класифицирани информации и на информации за ограничена употреба, во член 4 став 2 е пропишано дека „*...**предлогот за класификација на информацијата се одобрува од** страна на создавачот на информацијата, односно **лицето кое раководи со органот** или лице овластено од него.*"

Во согласност со позитивните законски прописи во РСМ, кои ја уредуваат оваа материја, а имајќи предвид дека директорот ја организира и раководи со Агенцијата, во член 97 ставот 4 од Нацрт – Деловникот за работа на Агенцијата е утврдено дека класификацијата односно декласификацијата на информации ја врши директорот на Агенцијата.

Оттука, не се прифаќа предложеното дополнување, **но со цел информирање на Советот на Агенцијата во однос на ова прашање, текстот на Предлог – Деловникот за работа на Агенцијата на овој член ќе се дополни на начин што ќе се утврди дека Директорот на Агенцијата ќе го информира Советот на Агенцијата за класификација/декласификација на информација.**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**